09-2339/6
03 -09- 2021

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 51 та седница, продолжение одржана на ден 01.09.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

**Се констатира прекршување на член 82 став 1 од ЗСКСИ кај лицето ----------- –** Претседател на совет на Општина ----------- затоа што по именување на наведената функција, не поднел Анкетен лист и изјава за интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно член 114 став 3 в.в со 82 став 1 и казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси се поведува постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице ----------- – Претседател на совет на Општина -------------.

## Образложение

Предметот со број 09-2339/1 од 29.06.2021 година е оформен по пријава за утврдување на состојба на судир на интереси кај лицето ---------. По извршен увид во својата евиденција, Државната комисија за спречување на корупцијата, констатира дека --------- - Претседател на совет на Општина ---------- бил избран на функцијата која ја врши од 30.09.2021 година, а за тоа не ја исполнил законската обврска предвидена во член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија,*

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

*претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.*

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 став 1 алинеја 1 од истиот закон.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: С.М – виш соработник
Одобрил: Н.Б-член на ДКСК